**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесеттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11.37 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да велзат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Бларим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Владанка Авировиќ, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Есад Рахиќ, Тале Герамитчиоски, Фијат Цановски, Благој Зашов, Мендух Тачи, Арбен Џафери и Даут Реџепи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да гоутврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Предлагам да го повториме гласањето.

(Пратеникот Владимир Ѓорчев бара збор процедурално).

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да укажам за една работа за која што повторно, повторно и повторно дискутираме во ова Собрание. Мислам дека погледот на македонските граѓани може да биде повеќе од очигледен, да ја видиме целата пленарна седница на Собранието на Република Македонија, целата пленарна сала, да ја види целата јавност кој е тука, а кој не е. Да видиме која е блокадата. Значи, многу добро се гледа.

Почитувани македонски граѓани.

Повторно на ова место...

(Со рака покажува кон местото каде што седи госпоѓа Радмила Шеќеринска и другите пратеници на СДСМ).

На ова место треба да седи Радмила Шеќеринска и другите пратеници на СДСМ. Нив ги нема, а само сакаат да ја блокираат работата на Собранието на Република Македонија. Овие 2300 амандмани што ги добивме, погледнете...

(Ги покажува материјалите од пред себе).

Тука имаме повеќе 100 кгр. материјали платени со парите на македонските граѓани и имаме само желба за блокирање на ова Собрание. Нив повторно и повторно ги нема на нивните работни места. Бараме во името на граѓаните и во името на јавноста тие да дојдат тука.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

Вашата интервенција процедурална е на место во врска со прашањето на присутноста, но таа седница сеуште не е отворена седница, 30-та седница на која се однесуваат амандманите, па според тоа ве молам да се држиме до дневниот ред односно до планот за дневниот ред, затоа што уште не сме ја отвориле, заради недостаток на кворум.

Молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата за да можеме евентуално да пристапиме кон гласање.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник точно, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата во меѓувреме влезе уште еден пратеник, значи сега се 62 пратеници.

Коснтатирам дека гласале 57 пратеници од кои 56 гласале за, воздржани нема и против еден.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Сега сме 61 пратеник повторно.

За време на гласањето беа присутни 61 пратеник, гласале 57, од кои 56 гласале за, воздржани нема и против еден.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 10-а по членот 10 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2, член 4, ставови 3,4 и 6, член 6 во воведната реченица, член 9 став 1 и за менување на став 7 и на член 10 ставови 1 и 2.

Пратеникот Весна Бендевска поднесе амандмани за менување на член 1 за додавање на нов член 1 по членот 1, за додавање нови членови 7-а по

членот 7 и за додавање нови членови 10-а по членот 10, по кои Владата не се произнела.

Кон амандманите поднесени од пратеникот Весна Бендевска се приклучија и пратениците Цветанка Иванова и Благородна Цветковска.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Марјанчо Николов. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Јас побарав збор процедурално само за да кажам дека во претходната фаза кога се гласаше иако еден од пратениците на владеачкото мнозинство ја обвини опозицијата дека не присуствува во Парламентот, во интерес на јавноста да кажам дека токму двајца пратеници од опозицијата обезбедија кворум за да може да се гласа во Собранието. Господинот Ѓорчев во најмала рака сега треба да и се извини на опозицијата за испадите што ги прави и обидите да почнува режисерската кариера во Парламентот. Благодарам.

(Пратеникот Владимир Ѓорчев бара збор процедурално).

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Благодарам.

Уште една процедурална забелешка и ве молам да се концентрираме на она што граѓаните од нас го бараат, а тоа е да работиме на законите. Повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Значи, господине вие сте пратеник на граѓаните на Република Македонија и вашето присуство тука не е воопшто никаква услуга на било кој, туку извршување на вашата работна обврска и вие сте тука на вашето работно место. Значи, вие и вашите колеги кои што не сте присутни тука едноставно ги оштетувате даночните обврзници. Вашето присуство тука не е исполнвуање на никаква обврска, туку напротив ваша обврска кон граѓаните затоа што сте избрани.

**Љубиша Ѓорѓиевски:** Предлагам 10 минути пауза.

(Пауза од 11,57 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,12 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Ве молам, заземете си ги своите места да продолжиме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

Ако саката да почекаме да влезат пратениците?

**Весна Бендевска:** Сметам дека ова не се услови под кои можеме да работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе исчекаме да влезат.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам, за тишина во салата. Молам, молам, за тишина.

Повелете госпоѓа Бендевска.

**Весна Бендевска:** Јас не гледам дека е присутен претставник на Владата од предлагачите.

**Љубиша Георгиевски:** Го повикувам господинот Палоши, тој е тука, да влезе во салата.

**Весна Бендевска:** Јас нема да реагирам нервозно како пратеникот Ѓорчев, меѓутоа навистина оневозможени сме во работата.

**Љубиша Георгиевски:** Доаѓа, тој е тука.

Еве го господинот Палоши.

Тишина ве молам.

Повелете госпоѓа Бендевска, се создадоа сите услови да почнете со вашиот говор.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, почитуван претставник на Владата на Република Македонија,

Амандманот го поднесувам бидејќи сметам дека на овој начин, во постојниот Закон за радиодифузна дејност треба да се дефинира и регулира статусот на јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво, со цел тие да најдат свој простор во овој закон и нивното постоење конечно да се реши.

По постојниот член 169 се додава нов член кој гласи, цитирам:

“Јавните локални радиодифузни претпријатија основани од општините на подрачјето на кое емитуваат програма, со денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да работат како јавни локални радиодифузни претпријатија.

Јавните радиодифузни претпријатија од првиот став на овој член работат на начин и услови утврдени со закон”.

Почитувани колеги,

Во Законот за локална самоуправа постои цела една глава, тоа е Главата 11 со назив “Механизми за соработка меѓу општините, Владата на Република Македонија и органите на управа”.

Во членот 80, да не заборавиме, Законот за локална самоуправа е системски закон, членот 80 ја регулира соработката помеѓу Владата и општините. Во првиот став се вели, цитирам:

“Владата соработува со општините за прашања што се од нивен интерес и тоа за: законите што се однесуваат на општините, износот на општата дотација што треба да им се додели и изворите на финансирање на надлежностите”.

Во моментот кога на својата седница Владата одлучи да достави Предлог до Собранието на Република Македонија за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, постојниот, иако со овој закон се регулира материја што навистина се однесува на единиците на локалната самоуправа, Владата не го сторила тоа. Значи, Владата не го почитува Законот за локална самоуправа.

Општините кои во Република Македонија се здружени во Здружение на единици на локалната самоуправа или скратено ЗЕЛС, доставиле, на својата седницата одржана на 28 ноември 2006 година допис до Здружението на локалните радиодифузни претпријатија. Цитирам:

"Имајќи го предвид вашето Барање доставено до ЗЕЛС, ве известуваме дека на последната седница на Управниот одбор беше разгледано и по него беше донесен следниов заклучок:

ЗЕЛС, во целост ги поддржува напорите на локалните јавни радиодифузни претпријатија за обезбедување услови за непречено остварување на својата функција. Особено, што истите имаат огромно значење за медиумско реализирање на локалните вредности, како и навремено и објективно информирање на локалната јавност за актуелностите на локалната заедница.

Оттука, ЗЕЛС ја истакнува поддршката на иницијативата основачкиот удел да премине во сопственост на општините на Републиката, но под услов за тоа да се обезбедат соодветни законски предуслови, што ќе означат обезбедување на соодветни финансиски средства за надомест на долгорочно тековно работење на истите.

ЗЕЛС смета, доколку не се обезбеди овој предуслов, во суштина нема да дојде до решавање на проблемите за кои сме запознати од страна на Здружението и општините нема да се согласат со постапката за преземање на радиодифузните претпријатија".

Овој допис е потпишан од претседателот на ЗЕЛС, господинот Андреј Петорв.

Господине заменик министре,

Очекувам објаснување од ваша страна зошто, имајќи предвид дека моите амандмани ги поднесов на 2 ноември 2006 година, не направивте дополнителен напор да се исконсултирате со претставниците на општините односно на единиците на локалната самоуправа при решавањето, односно не решавањето на статусот на јавните локални радиостаници?

Значи, поддршката од ЗЕЛС е евидентна и постои. Законска подлога има во Законот за единиците на локалната самоуправа, особено во членот 22 каде што е наведена листа на надлежности на општината, односно единицата на локалната самоуправа. Точката 13 вели: "Општините, како надлежност, вршат и други работи определи со закон", во овој случај тоа е Законот за радиодифузна дејност.

Морам повторно да напомнам, предизборните ветувања на Владата, предводена од премиерот Груевски, во точката за телекомуникации имаше наведено дека до крајот на декември 2006 година конечно ќе го реши и дефинира статусот на јавните локални радиостаници.

На овој начин, не прифаќајќи го мојот амандман, вие ставате печат на судбината, на постоењето на локалните радиостаници во Македонија, 29 на број. Вие ќе мора да се соочите не само со вработените во тие локални радиостаници, ќе мора да се соочите откога македонските граѓани ќе бидат оневозможени, соодветно, квалитетни и навремено да бидат информирани за случувањата на локално ниво. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има заменик министерот, повелете.

**Скендер Палоши:** Мене ми е жал што морам да интервенирам на дискусијата на пратеникот Бендевска поради кривото толкување на Законот за локална самоуправа.

Имено, во Законот за локална самоуправа таксативно никаде не е напомнато дека локалната самоуправа има надлежности во делот на радиодифузната дејност. Барањето на ЗЕЛС е во насока на обезбедување на средства за нивна трансформација и начинот на приватизација.

Значи, дефинитивно, никаде во Законот за локална самоуправа не се наполнува дека локалната самоуправа има надлежности во сегментот на радиодифузерите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Бендевска Весна, реплика, повелете три минути.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине заменик министре,

За волја на вистината и во интерес на правилното информирање на македонската јавност, децидно го цитирав дописот потпишан од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Во третиот став се вели: "ЗЕЛС ја истакнува поддршката на иницијативата (се мисли на Здружението на локалните јавни радиодифузни претпријатија) основачкиот удел да премине во сопственост на општините во Републиката". Сите амандмани што ги поднесов беа токму во тој правец, во правец општините да ги преземат основачките права врз локалните радиостаници.

Не држи вашето објаснување. Објаснувањето е зошто вие не сакате во Законот за радиодифузна дејност да ги сместите, да ги лоцирате со законска поткрепа статусот на јавните локални радиостаници, 29 на број.

Меѓутоа и неодговарањето, за мене значи одговор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Службите ги молам да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите го доставуваат точниот број на присутни пратеници)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме, сега имаме 61 пратеник.

Во салата се присутни 61 пратеник, за амандманот гласале 8, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за дадавање нов член 1-А, по членот 1, поднесен од пратеникот Весна Бендевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Скендер Палоши:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Вториот амандман се однесува на промена на членот 145 од постојниот закон кој гласи, цитирам:

"Средствата за покривање на трошоците за создавање или емитување на програмите и за техничко - технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа, за регулирање и развој на радиодифузната дејност во Република Македонија се обезбедуваат од радиодифузна такса.

Радиодифузната такса е јавна давачка.

Од средствата на радиодифузната такса се финансираат следниве корисници: ЈП Македонска радиотелевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Советот за радиодифузија".

Предлагам по алинејата 2 да се додаде нова алинеја 3 која гласи:

"Јавни радиодифузни претпријатија на локално ниво".

Доколку се прифатеше во членот 145 да се предвиди од радиодифузната такса да се издвојува определен процент средства за јавните локални радиостаници, ќе можеа да опстојат и да најдат своја законска база.

Сакам само да го прокоментирам ставот 2 од постојниот член 145. Радиодифузната такса е јавна давачка. Радиодифузната такса се издвојува од џебот на секој македонски граѓанин...

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам госпоѓо Бендевска,

Се плашам дека говорите за друг амандман. Проверете уште еднаш, ќе кажам, нов член 1-А, по членот 1. По тој амандман треба да говорите.

**Весна Бендевска:** Господине претседателе, бидејќи не добивме список по кој редослед ќе ги работиме амандманите, јас претпоставував дека ќе се водиме по архивскиот број.

**Љубиша Георгиевски:** Не е страшно. Важно е да се усогласите со заменикот министер, да тече работата.

Да повторам уште еднаш, да се додаде член 1-А, по членот 1. Тоа е. Амандманот е алтернатива помеѓу извршен директор, како терминологија и работен орган.

**Весна Бендевска:** Благодарам на помошта.

**Љубиша Георгиевски:** Нема за што. Повелете.

**Весна Бендевска:** Со овој амандман се менува членот 11 од постојниот Закон за радиодифузна дејност. Зборовите "единици на локална самоуправа" се бришат.

Членот 11 од постојниот Закон би сакала да го цитирам:

"Политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членови на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснователи или да стекнуваат учество во сопственоста на радиодифузерите".

Заради тоа што со сите амандмани очекував разбирање од Владата комплетно да се реши статусот, односно да се регулира постоењето на јавните локални радиостаници, чиј основач ќе бидат единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, сметам дека во членот 11 зборовите "единици на локална самоуправа" треба да не постојат, со што ќе се даде, токму со другите амандмани, можност општините да можат да основаат јавни локални радиодифузни претпријатија.

Во истиот амандман предвидувам, технички е, зборовите "извршен директор" да се заменат со зборовите "работоводен орган" и навистина, немам објаснување зошто токму вториот дел од овој амандман Владата немаше слух, немаше осет да го прифати како прифатлива видоизмена во постојниот Законот за радиодифузна дејност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Десет минути пауза да се соберат пратениците.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,48).

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме, во салата сме доволне број пратеници.

Во салата се 64 пратеници, гласале 51 пратеник, за гласале 5, воздржани нема, против 46 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот, амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, ставови 3, 4 и 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** И овој .амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот, амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6, во воведната реченица поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот, амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска, под архивски број 07-3869/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Очигледно амандманите поднесени од опозиционите пратеници Владата нема политички усет да ги усвојува, но амандманите кои поминале од други нивоа, како Законодавно-правната комисија се прифатливи за Владата. Но, тоа е што е.

Да се вратам на мојот амандман. Тој е токму амандманот за кој говорев, околу корисниците на радиодифузната такса. Овој амандман интервенира во член 145 од постојниот Закон. Бидејќи радиодифузната такса е јавна давачка односно давачка која потекнува од џебовите на македонските граѓани тие издвојуваат со цел да ја одржат радиодифузната дејност односно да бидат информирани на сите нивоа, не само на централно, туку и на локално ниво.

Заради тоа сметам дека дел од тој колач наречен радиодифузна такса дел им припаѓа или треба да им припаѓа на јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво односно локалните радио станици.

Јас навистина барам дообјаснување од страна на заменик министерот зошто сметате дека локалните радио станици немаат право да користат средства од радиодифузната такса. Тие средства, тој определен процент ќе им овозможи реална одржливост, комбинирана со нивна комерцијална програма да опстојуваат во живот, а се со цел да вршат информирање на граѓаните на локално ниво. Благодарам

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Заменикот министер има збор.

**Скендер Палоши**: Благодарам претседателе.

Сега навистина треба повторно да се повторувам. Јас мислам дека ова прашање веќе беше апсолвирано и на сите ни е јасно дека општините односно локалната самоуправа не смее да биде основач на локална радио дифузна организација. Ова го поткрепуваме со мислењата на експертите кога се работеше законот од страна на Европската комисија кои децидно кажаа дека јавните локални радиодифузери не смеат да бидат под капата на општините. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за госпоѓа Весна Бендевска, повелете вашите три минути.

**Весна Бендевска:** Јас ќе се обидам да ве демантирам. Ќе прочитам дел од обраќањето на господинот Уве Мастерс од Советот на Европа кој говореше на Трибината Јавна локална радиодифузија, постојни насоки за развој. Цитирам: "го претставувам Советот на Европа и

тука сум да ви помогнам и да ви дадам информации. Совет за имплементација на новиот Закон за локална самоуправа, се разбира, ако можам да ви помогнам или да ве посоветувам при барањето решенија за радиодифузната дејност во Македонија во моментот особено на локално ниво".

Претседателот на Здружението на единиците на локална самоуправа информираше за моменталните тешкотии во радиодифузијата на локално ниво и се согласувам со него. Овој дел сакам да го потенцирам, Цирирам: "потребна е итна акција додека не се затворат некои станици, бидејќи многу добро знам, оти, ако се затворат, ќе биде многу тешко повторно да се отворат и да почнат да работат. Затоа се надевам дека може да се направи нешто за тие да опстанат се додека не се најде трајно решение".

Мислам, продолжува господинот Мастерс, дека Македонија која ја прослави 50-ет годишнината од постоењето на локалното радио во Битола мора да е една од првите која го вовела локалното радио. Ние во Обединетото Кралство сеуште сме во фаза на воведување локално радио така што вие имате со што да се гордеете денес. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69, од кои за гласале 15, воздржано 1, против 53 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска, под архивски број 07-3869/7.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

И овој амандман е мошне поврзан, впрочем како што се поврзани сите мои амандмани, амандманите со кои се обидов во конкретниот предлог за измена и дополнување на постојниот Закон за радиодифузна дејност конечно да го решиме статусот и опстојувањето на јавните локални радио станици.

Очигледно е дека Владата нема слух, очигледно е дека предизборните ветувања дека ќе се реши статусот на јавните локални радио станици беше предизборна измама, се извинувам за силината на овој збор, меѓутоа, немам друго објаснување како може тоа да се нарече.

Радиодифузната такса како јавна давачка, начинот на распределбата во постојниот Закон е опфатен во членот 149.

Јас предлагам членот 149 да се измени и да гласи:

Средства од наплатената радиодифузна такса се распоредуваат на следниот начин:

Во алинеја 1 бројот "72%" се заменува со бројот "67%" односно 67% за МРТВ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите. Бидејќи сметам дека се само 5% намалување од радиодифузната такса, а додавање на ставката за јавните локални радио станици ќе бидат доволно средства кои ќе овозможат јавните локални радио станици да преживеат, да опстојат и да креираат програма во функција на информирање на локалното население.

Во алинеја 2 бројот "4,5%" се заменува со бројот "3,5%" односно предлагам 3,5% за МРТВ за техничко-технолошки развој.

Во алинеја 3 бројот "16%" се заменува со бројот "15%" односно 15% за Македонската радиодифузија за одржување и употреба на јавната радиодифузна мрежа. Значи, намалување од само 1% од средствата кои се предвидени, согласно Законот за одржување и развој на јавната радиодифузна мрежа.

Во алинејата 4 бројот "3,5%" се заменува со бројот "3%" за Македонската радиодифузија за развој на нејзината мрежа, значи намалување на половина процент, а се додава нова алинеја - сите овие намалувања во однос на процентите вкупно 9% за јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите од страна на јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво.

Јас им ветив на Здружението на јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво дека ќе ги поднесам амандманите, ќе стојам зад нив и ќе ги бранам. Токму тоа го правам иако очигледно е дека Владата во овој момент нема слух за решавање на нивниот статус. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, за гласале 16, воздржани нема, против 54 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9,став 1 и за менување на став 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот, амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, ставови 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот, амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 10-а по членот 10, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска, под архивски број 07-3869/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, за гласале 14, воздржани 1, против 55 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 10-а по членот 10 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска под архивски број 07-3869/3.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 10-а по членот 10, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Цветанка Иванова и Благородна Цветковска, под архивски број 07-3869/6.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Овој амандман е најсуштинскиот амандман кој навистина заслужуваше да се најде во Законот за радиодифузна дејност заради тоа што комплетно ќе можевме да говориме дека еднаш за секогаш ќе го решевме статусот на 29-те локални радио станици.

Амандманот се однесува  на промена на член 173.

Во членот 173 воведниот став гласеше и сеуште гласи, очигледсно е бидејќи Владата не го прифаќа овој амандман, а владеачкото мнозинство во законодавниот дом досега не покажало сила да гласа во има и во интерес на граѓаните. Досега, почитувани пратеници вие гласате по желба и волја на Владата на Република Македонија.

Членот 173 вели: "Советот ра радиодифузија во соработка со Агенцијата за информации и МРТВ, во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, е должен да ја испита состојбата и да направи анализа на постојните јавни претпријатија кои вршат радиодифузна дејност, односно радио на локално ниво, врз основа на која ќе донесе одлука со која ќе се орпедели кои од нив ќе добијат статус на регионални центри на Јавното претпријатие МРТВ, а за другите ќе се предложат решенија за нивна трансформација, согласно одредбите на овој или друг закон.

Сметам дека безпредметно е постоењето на ствот 1 од овој член, со оглед на тоа што Агенцијата за информации престана да работи кон крајот на 2005 година. Значи една од трите претпоставики, органи кои требаат заедно да го разгледаат и да го дефинираат статусот на секое локално радио поединечно, веќе еден од тие субјекти престанал да постои.

Она што јас го предлагам е членот 173 да се менува и да гласи: -Постојните јавни локални радиодифузни претпријатија во Република Македонија се финансираат од радиодифузната такса, од средствата обезбедени од буџетите на општините, основачи, од рекламирање, спонзорства, донации и продажба на програми и услуги.

Градоначалниците на општините основачи, во рок од 60 дена од донесувањето на овој закон , потпишуваат спогодба за преземање на оснивачките права врз Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво и ги регулираат меѓусебните односи.

Начитнот на управување, раководење и контрола врз работењето на радиодифузните

претпријатија, ќе се уреди со статут кој го донесува Советот на единицата на локалната самоурпава.

Значи она што не успеавме да најдеме доволно политичка волја е да ги пренесевме основачките права од централно на локално ниво, се во духот на децентрализацијата која ја започнавме во Република Македонија.

Сега, од вас почитуван господине заменик министер, барам да ми објасните, Предлогот за измена и дополнување на законот за радиодифузна дејност, Владата го урврди на своја седница на 18 октомври 2006 година, а го поднесе во собраниска процедура на 25 октомври. На почетокот на ноември, ако добро се сеќавам, на 7 ноември на собраниска седница за прв пат ги претресувавме причините за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

Барам одговор, бидејќи статусот на јавните локални радио станици беше утврден заклучно со 3 ноември, Владата поднесе закон со кој им ја продолжи за 6 месеци нивната агонија. Денес на 12 февруари барам да ми објасните зошто јавните радиодифузни станици ги оставивте во состојба на законски вакум, бидејќи доколку го изгласаме денешниот закон, законот ќе има важност 8 дена од објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Господине заменик министер, од 3 ноември до 11 февруари 2007 година, статусот на јавните локални радио станици е во законски вакум. Вие ја сносите одговорноста, заедно со претседателот на ова Собрание, зошто овој закон доцнеше со свое донесување цели три месеци. Претпоставувам дека ретроактивно ќе им засметате на локалните радио станици, од 3 ноември до 3 мај, статус со кој ќе им дадете рок да се трансформираат. Од 3 мај тие практично ќе престанат да постојат, ќе бидат избришани од централниот регистар.

Сметам дека е направен преседан и постоењето и опстојувањето на 29-те локални станици, во овој момент, во овој временски период беше недефиниран, нерегулиран, а тоа води на совест на Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, гл заклучувам претресот по амандмано.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратнеици, за гласале 17, воздржани двајца, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеници, за гласале 63, воздржан еден, против 16.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност.

Пред да продолжиме со 30-та седница, а со оглед на големиот број пристигнати амандмани, во интерес на комплетното известување на сите пратнеици, давам пауза до 15,00 часот.

(Седницата заврши во 13,16 минути)